Македонска Асоцијација за управување со отпад МАСВА
ул. Руѓер Бошковиќ бр.16, Скопје, Технолошко Металуршки Факултет Скопје

ПОКАНА ЗА СПОНЗОРИ

6-та Интернационална конференција на

Македонска асоцијација за цврст отпад (MaSWA)

29 – 30 мај 2025 година, Скопје, Р. С. Македонија

Почитувани,

Би сакале да укажеме на потенцијална можност за заемно корисна соработка на вашата компанија и Македонската асоцијација за цврст отпад (MaSWA).

MaSWA е здружение од над 40 компании, организации и индивидуални експерти кои промовираат одржлив развој, кружна економија и одржливо управување со отпад, како Националена членка на ISWA - Меѓународната асоцијација за цврст отпад.

Чест ни е да ве поканиме да бидете спонзор на биеналната меѓународна конференција на Македонската асоцијација за цврст отпад (MaSWA) „Патувањето кон одржливо управување со отпад".

Конференцијата е замислена како дводневен настан кој ќе ги собере сите претставници на ISWA, меѓународни експерти, претставници на македонската централна и општинска администрација и компании/ентитети, а ќе биде фокусирана на воспоставување и одржување на принципите за одржливо управување со отпад за македонските чинители во тековите на цврст отпад и презентирање на нови технологии и добри меѓународни практики.

Главните теми на конференцијата ќе бидат:
- Меѓуопштинско управување со отпад во С. Македонија,
- Паметни и дигитални технологии во управувањето со отпадот,
- Можности во проширена одговорност на производителот,
- ZWTL – стандард и имплементација на нула отпад до депонија,
- Отпад, климатски акции и цели за декарбонизација,
- ESG стандарди во практиките за отпад,
- Циркуларната економија и отпадот како ресурс,
- Буџетирање и финансирање на системи за одржливо управување со отпад.

Конференцијата е предвидено да се одржи на 29 и 30 мај 2025 година во Скопје.

Местото на првиот ден од конференцијата ќе биде конференциската сала на хотелот Холидеј Ин, Скопје. Местото на вториот ден од конференцијата ќе биде главниот амфитеатар на Технолошко-металуршкиот факултет, Скопје. Конференцијата ќе биде отворена за јавноста, со присуство на медиумите.

Се надеваме дека ќе го препознаете нашиот интерес за соработка со цел да ги развиете вашите деловни активности и односи, а исто така да придонесете за позитивно влијание врз поширокаta заедница. Со оглед на важноста и вистинската вредност на настанот, се надеваме дека ќе се појавите како спонзор на овој настан и ќе земете активно учество.

MaSWA ви нуди учество како спонзор на конференцијата:

- Главен спонзор со финансирање од 5.000 евра.
- Златен спонзор со финансирање од 3.500 евра.
- Сребрен спонзор со финансирање од 2.500 евра
- Бронзен спонзор со финансирање од 1.500 евра

ГЛАВНИОТ СПОНЗОР на настанот го вклучува следниот пакет:

- организација на посебна панел дискусија за конференцијата, темата на панелот и говорниците со претходно одобрение од MaSWA
- презентација на вашата компанија на конференцијата (15 минути)
- пристап до сите планирани настани за двајца (2) учесници од спонзорот на фирмата
- учество на најмногу шест (6) учесници на Конференцијата кои ќе бидат поканети од спонзорот
- позиционирање на промотивен штанд
- поставување банер на сите настани
- дистрибуција на промотивен материјал до сите учесници
- логото на компанијата поставено на видео бимот на сите настани и на сите маркетинг материјали
- логото на вашата компанија на сите официјални материјали произведени од Конференцијата (покана, агенда, сертификат за учество)
- други маркетинг активности со претходно одобрение од MaSWA
- платена годишна членарина за 2025 година.

ЗЛАТЕН СПОНЗОР на настанот го вклучува следниот пакет:

- презентација на вашата компанија на конференцијата (10-15 минути)
- пристап до сите планирани настани за двајца (2) учесници од спонзорот на фирмата

• учество на најмногу четири (4) учесници на настанот кои ќе бидат поканети од спонзорот
• позиционирање на промотивен штанд со поставување на транспарент на сите настани дистрибуција на промотивен материјал до сите учесници
• логото поставено на видео бимот на сите настани и сите маркетинг материјали произведени за конференцијата
• платена годишна членарина за 2025 година.

СРЕБРЕН СПОНЗОР на настанот го вклучува следниот пакет:

• презентација на вашата компанија на конференцијата (10 минути)
• пристап до сите планирани настани за двајца (2) учесници од спонзорот на фирмата
• учество на најмногу двајца (2) учесници на настанот да бидат поканети од спонзорот
• позиционирање на промотивен штанд
• поставување банер на сите настани
• дистрибуција на промотивен материјал до сите учесници
• логото поставено на видео бимот на сите настани и сите маркетинг материјали произведени за конференцијата

БРОНЗЕН СПОНЗОР на настанот вклучува:

• пристап до сите планирани настани за двајца (2) учесници од спонзорот на фирмата
• позиционирање на промотивен штанд
• поставување банер на сите настани
• дистрибуција на промотивен материјал до сите учесници
• логото поставено на видео бимот на сите настани и сите маркетинг материјали произведени за конференцијата

Останuваме отворени да разговараме за сите ваши предлози и конкретни барања како потенцијален спонзор на Конференцијата.

Македонска асоцијација за цврст отпад
(MaSWA)